2

# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 25
БИ
БРОЈ 62
ГОД. XLIII

... – Редакција ...гистика бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**825.**

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни конта во контниот план за организациите на здружен труд ("Службен лист на СФРЈ", бр. 6/85, 7/86 и 17/87) во член 15 став 13 пр зборовите: „контото 122 и" се додаваат зборовите: „контото 295".

Член 2

Во член 16 ст. 6 и 7 зборовите: „83, 84 и" се бришат.

Член 3

Во член 28 став 2 зборовите: „250, 251, 252 и 253" се заменуваат со зборовите: „250, 251 и 252".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 252 – Бруто лични доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства, се искажуваат и надоместите на личните доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства."

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, по зборот: „залихи" се додаваат запирка и зборовите: „по основ на износот што го задржал купувачот на име кауција".

По став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„На контото 258 – Надоместени пресметани бруто лични доходи и надомести на бруто лични доходи од други извори, се искажуваат надоместените износи врз товар на основачките вложувања, средствата примени од друга самоуправна организација и заедница без обврска за враќање за исплата на личните доходи и од други извори."

Досегашниот став 4, кој станува став 6, се менува и гласи:

„На крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината, за износот на пресметаните лични доходи и надоместите на личните доходи што се искажани на контата 250, 251 и 252, намален односно зголемен за износот што е искажан на контото 256 и намален за износот што е искажан на контото 258, се задолжува контото 870 – Дел од чистиот доход за бруто лични доходи по основ на тековниот труд односно контото 871 – Дел од чистиот доход за брутот лични доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства, а се одобрува на контото 257 – распоредени средства на чистиот доход за бруто лични доходи."

Досегашниот став 5 станува став 7.

Член 4

Во член 29 став 1 по зборот: „стандард" се додаваат запирка и зборовите: „односно за средствата за развој на општонародната одбрана."

Член 5

Во член 31 став 2 зборовите: „280, 281, 282 и 283" се заменуваат со зборовите: „280, 281 и 282".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 282 – обврски за чист личен доход по основ на управување и стопанисување со општествени средства, се искажуваат и надоместите на чистите лични доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства."

Досегашниот став 3, кој станува став 4, се менува и гласи:

„На контата 285 и 286 се искажуваат пресметаните и платените придонеси од бруто личните доходи и од надоместите на бруто личните доходи."

По став 4 се додава став 5, кој гласи:

„На контата 287 и 288 се искажува издвојувањето од бруто личните доходи за непосредна заедничка потрошувачка. Во моментот на пресметката на личните доходи овие конта се задолжуват, а се одобрува на контото 980 – Фонд за заедничка потрошувачка – дел за други потреби."

Член 6

Во член 58 став 6 на крајот се додаваат зборовите: „во рамките или преку самоуправната интересна заедница".

Член 7

Член 65 се менува и гласи:

„Член 65

На контата на групата конта 83 – Распоред на делот од доходот што е резулатат од исклучителни погодности и по основ на развојната премија, се книжи на побарувачката страна делот од доходот што е резулатат од трудот во исклучително поволни природни услови или е резултат од други исклучителни погодности во стекнувањето на доходот, според намените за кои е распореден овој дел од доходот односно делот од доходот што е остварен врз основа на развојната премија или по друг основ пропишан со сојузен закон за определени намени.

На крајот на годината, контата на оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветни конта на групата 90 – Трајни извори на деловните средства, односно на групата 95 – Извори на средствата на резервите."

Член 8

Член 66 се менува и гласи:

„Член 66

На контата на групата конта 84 – Распоред на делот од доходот за обврските од доходот што не зависат од големината на остварениот доход, се книжат на долговната страна обврските од доходот што ќе настанат по основите од член 82 на Законот за вкупниот приход.

Врз товар на контата од оваа група, а во корист на контото 292 се книжат на крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината обврските што втасале за плаќање, а обврската за плаќање не е извршена и обврските што се однесуваат на пресметковниот период и ако обврската за плаќање не втасала."

Член 9

Член 67 менува и гласи:

„Член 67

На контата на групата конта 85 - Распоред на делот од доходот за обврските од доходот што зависат од големината на остварениот доход, се книжат на долговната страна обврските од доходот што ќе настанат по основите од член 83 на Законот за вкупниот приход."

Член 10

Член 69 се менува и гласи:

„Член 69

На контата на групата конта 87 - Распоред на делот од чистиот доходот за лични доходи и заедничка потрошувачка, се книжат во текот на годината, на побраувачката страна, износите на делот од чистот доход за бруто лични доходи и за заедничка потрошувачка.

На контото 872 - Дел од чистиот доход за бруто лични доходи на работниците на други организации, се искажува на побарувачката страна делот од чистот доход што е распореден за бруто лични доходи, со намена за исплата на личните дохоти на работниците во други организации, во согласност со член 94 од Законот за санација. На долговната страна се искажува дозанаката на тие средства на друга органиазција ако чистиот доход е распореден за таа намена.

На контото 873 - Дел од чистот доход за инвестициона заедничка потрошувачка за потребите за домување и контото 874 - Дел од чистиот доход за инвестициона заедничка потрошувачка за други потреби, се искажува на побарувачката страна делот од чистиот доход што е распореден за инвестициона заедничка потрошувачка. Салдото на контата 873 и 874 на крајот на годината се пренесува со задолжување на тие конта во корист на контото 970 - Фонд за заедничка потрошувачка - дел за потребите за домување односно на контото 980 - Фонд за заедничка потрошувачка - дел за други потреби."

Член 11

Член 70 се менува и гласи:

„Член 70

На крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината организацијата на здружен труд привремено односно конечно ги утврдува обврските од доходот што зависат од големината на остварениот доход.

Разликата меѓу утврдените и платените обврски се книжи врз товар на контото 133, а во ко корист на контата на групата конта 85, односно врз товар на контата на групата конта 85, а во корист на контото 233.

Ако органиазцијата на здружен труд утврди дека остварениот дел од доходот што може да се користи за надоместување на обврските од став 1 на овој член е помал од вкупниот износ на тие обврски, од тој дел на дохдот ги надоместува платените обврски за кои не може да го искаже побарувањето од доверителот, а остатокот на тој дел од доходот по надоместувањето на овие обврски го распоредува на одделни обврски сразмерно со утврдените износи. За повеќе платените обврски над износот што може да се надомести го задолжува контото 133, а во корист на соодветните конта во групата конта 85."

Член 12

Член 71 се менува и гласи:

„Член 71

На крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината, врз товар на контото 870 - Дел од чистиот доход за бруто лични доходи по основ на тековниот труд и на контото 871 - Дел од чистиот доход за бруто лични доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства, а во корист на контото 257, се пренесува состојбата искажана на контата 250, 251 и 252 намалена односно зголемена за состојбата искажана на контото 256 и намалена за состојбата на контото 258."

Член 13

Во член 72 став 1 зборовите: „издатоците што се намируваат од доходот" се заменуваат со зборовите: „обврските од доходот што не зависат од големината на остварениот доход".

Во ст. 2 и 3 зборовите: „83, 84 и 85" се заменуваат со зборовите: „84".

Член 14

Во член 75 ст. 3 до 12 се заменуваат со осум ставови, кои гласат:

„Побарувачкото салдо на контата 870 и 871 се пренесува на крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината со задолжување на тие конта во корист на контото 257.

Побарувачкото салдо на контото 872 - Дел од чистиот доход за бруто лични доходи на работниците на други организации, се пренесува во текот на годината во корист на друга организација на која ѝ се дозначуваат средствата за исплата на личните доходи.

Побарувачкото сладо на контото 880 - Дел од чистиот доход за деловен фонд (за проширување на материјалната основа на трудот), 881 - Дел од чистиот доход за унапредување на материјалната основа на трудот и 882 - Дел од чистиот доход за резервен фонд, се пренесува на крајот на годината во корист ва соодветните конта од класата 9: Извори на средства.

Побарувачкото салдо на контото 883 - Дел од чистиот доход за покритие на загубите на други ОЗТ, се пренесува на крајот на годината во корист на контото 239 односно на контото 268.

На контото 884 - Дел од чистиот доход за развој на материјалната основа на трудот на други организации и заедници, се искажува распоредениот чист доход за оваа намена што непосредно или преку самоуправната интересна заедница се пренесува без обврска за враќање. На крајот на годината салдото на ова конто се пренесува во корист на контото 239.

Побарувачкото салдо на контото 885 - Дел од чистиот доход што му припаѓа на основачот на единицата односно на претпријатието во странство, се пренесува на крајот на годината во корист на контото 276 - Обрврски спема основачот по основа на добивката.

На контото 886 - Дел од чистиот доход што му припаѓа на странско лице по основ на надомест за стопанисување со вложени средства, се искажува делот од чистиот доход што во согласност со член 23 од Законот за вложување средства на странски лица во домашна организација на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/78, 64/84 и 5/85) му припаѓа на странското лице. На крајот на годината врз товар на ова конто, а во корист на контото 246 - Обврски спрема странски лица по основ на добивка, се книжи износот што му припаѓа на странското лице, а во корист на контото 207 - Обврски по запрениот данок на добивката на странски лица - износот на запрениот данок.

Побарувачкото сладо на контото 887 - Дел од чистиот доход за други потреби, се пренесува на крајот на годината во корист на соодветните конта на кои се искажува обврската по овој основ односно изворот за тие намени."

Член 15

Организациите на здружен труд во 1987 година, на контата 285 и 286, ги искажуваат и пресметаните односно платените даноци од бруто личните доходи и од надоместите на бруто личните доходи.

Член 16

Организациите на здружен труд ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите од овој правилник најдоцна до 30 септември 1987 година.

При усогласувањето од став 1 на овој член вкупниот износ на промените се пренесува на долговната, односно на побарувачката страна на контото, со методот на црвено сторно.

Член 17

Наспоредниот преглед на контата по Контниот план за организациите на здружен труд е составен дел на овој правилник.

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 1-10785/1
23 септември 1987 година
Белград

Заменик на сојузниот
секретар за финансии,
**Вук Огњановиќ**, с. р.

НАСПОРЕДЕН ПРЕГЛЕД
на контата по Контниот план за организациите на здружен труд

| На новото конто | Од старото конто | Објаснение |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| „250 | дел 250 | Бруто лични доходи, освен делот што е пресметан по основ на управување и стопанисување со општествени средства ако е пресметуван за првото полугодие на 1987 година |
| 251 | 251<br>252<br>253 | |
| 252 | дел 250 | |
| 256 | 256 | |
| 257 | дел 257 | Дел што е надоместен врз товар на контото 870 |
| 258 | дел 257 | Дел што е надоместен врз товар на контото 016 или што е примен од други органи или организации |
| 280 | дел 280 | Дел од чистиот личен доход по основ на тековниот труд |
| 281 | 281<br>282<br>283 | |
| 282 | дел 280 | Дел од чистиот личен доход по основ на управување и стопанисување со општествени средства |
| 285 | дел 284<br>дел 285<br>дел 286 | Даноци и придонеси на бруто личните доходи по основ на тековниот труд |
| 286 | дел 284<br>285<br>287 | Даноци и придонеси од бруто личните доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства |
| 765 | дел 765 | Дел што се однесува на вкупниот приход по основ на слободна размена на трудот што е остварен во рамките на или преку СИЗ. Другиот дел од ова конто ќе се пренесе на контото 760 |
| 840<br>841<br>842<br>843<br>844 | дел 840<br>856<br>847<br>845<br>846 | За надоместување на работната заедница на обврските од член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за вкупниот приход |
| 845 | дел 843 | Издвојувања од доходот за ОНО и ОС според законот односно општествениот договор |
| 848 | дел 848 | Обврски од доходот што се пропишани со сојузен закон |
| | дел 858 | Обврски од доходот што се пропишани со сојузен закон |
| 850 | дел 840 | За надоместување на работната заедница на обврските од член 83 став 1 алинеја 7 од Законот за вкупниот приход |
| 851 | 830<br>831<br>~~833~~<br>835 | |
| 852 | 832<br>834<br>836<br>937 | |
| 853 | 838<br>839 | |
| 855 | 842<br>844 | |
| 856 | дел 843 | Обврски од доходот од ОНО и ОС над износот што е утврден според законот и општествениот договор |
| 857 | 841 | |
| 858 | дел 848 | Обврски од доходот за СИЗ од материјалното производство |
| | дел 858 | Обврски од доходот за СИЗ од материјалното производство |
| 859 | дел 848 | Состојба на контото 848, по намалувањето за делот што е пренесен на новото конто 848 односно 858 |
| | дел 858 | Состојба на контото 859, по намалувањето за делот што е пренесен на новото конто 848 односно 858 |
| 870 | дел 870 | Дел што се однесува на бруто личните доходи и на надоместите на бруто личните доходи по основ на тековниот труд |
| 871 | дел 870 | Дел што се однесува на бруто личните доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства |
| 872 | дел 870 | Дел од чистиот доход за бруто лични доходи што им е пренесен на други организации според член 94 од Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд |
| 873 | 876 | |

## 826.

Врз основа на член 30 ст. 1, 4 и 5 и член 49 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/87 и 11/80) во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита и сојузниот секретар за внатрешни работи, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА ПОВРШИНСКА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЛЕЖИШТАТА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Правилникот за техничките нормативи за површинска експлоатација на лежиштата на минерални суровини („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/86) во член 317 по зборовите: „бр. 37/64" се додаваат зборовите: „освен одредбите од поглавјето III – Висечки жичени железници (чл. ?1 до 107)".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/199
31 јули 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

## 827.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПЕЧАТЕНИ КОЛА

Член 1

Во Правилникот за југословенските стандарди, за печатени кола („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/87) по член 4 се додава член 5 кој гласи:

„Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/208
20 август 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

## 828.

Врз основа на член 87 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија – Пречистен текст („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/78), Републичката изборна комисија во Сарајево, на седницата од 21 септември 1987 година, по разгледувањето на Предлогот на Кандидационата конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Босна и Херцеговина за поведување постпака за отповик на Фикрет Абдиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕ ЗА ОТПОВИК НА ФИКРЕТ АБДИЌ, ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Се распишува гласање за отповик на Фикрет Абдиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.
2. Гласањето за отповикот ќе се одржи во сите општини во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина на заедничките седници на сите собори на собранијата на општините, на 6 октомври 1987 година.
3. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од 21 септември 1987 година.
4. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Републичката изборна комисија во Сараево.
5. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4-2/87
21 септември 1987 година
Сараево

**Републичка изборна комисија на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина**

Секретар
**Ранко Каиќ**, с. р.

Претседател,
**Тахир Тановиќ**, с. р.

## 829.

Врз основа на член 80 ст. 1 и 2 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/78 – Пречистен текст), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 23 септември 1987 година, откако утврди дека на еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од Социјалистичка Република Србија му престанал мандатот на 9 септември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗБОР ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Се распишува дополнителен избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Србија;
2. Дополнителниот избор ќе се одржи во сите собранија на општините во Социјалистичка Република Србија од 10 октомври до 9 ноември 1987 година;
3. Денот на одржувањето на седницата на собранието на општината на која ќе се изврши дополнителниот избор за еден делегат во Сојузниот собор го определува претседателот на собранието на општината.
4. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од 25 септември 1987 година;
5. За спроведување на Одлуката ќе се грижат оваа комисија, Републичката изборна комисија и општинските изборни комисии од територијата на Социјалистичка Република Србија;
6. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

Број: 255
23 септември 1987 година
Белград

**Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ**

Секретар,
**Мирко Михајловиќ**, с. р.

Претседател,
**Марко Глигоровиќ**, с. р.

## 830.

Врз основа на член 64а став 1 точка 3 и член 66 став 2 од Законот на Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со точка 6 од Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/87), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81, 6/83, 30/83, 45/83, 3/84, 25/84, 42/84, 44/84, 52/84, 40/85, 52/86, 68/86, 6/87, 21/87, 22/87, 32/87, 42/87 и 50/87) во точка 7 став 1 процентот: „0,378%" се заменува со процентот: „0,540%".

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 октомври 1987 година.

О. бр. 132
8 септември 1987 година
Белград

Го заменува претседателот на
Советот на гувернерите
заменик - гувернер на
Народната банка на
Југославија,
д-р **Слободан Станоевиќ**, с. р.

**831.**

Врз основа на чл. 24, 64а и 66 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со точ. 1 до 4 на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86, 22/87 и 43/87), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ДИНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ И НА ДРУГИ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 АВГУСТ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 1987 ГОДИНА

1. Во Одлуката за усогласување на обемот и динамиката на порастот на динарските пласмани на банките и на другите финансиски организации во периодот од 1 август до 30 сепември 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/87), во точка 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Како динарски пласмани на банките од ст. 1 и 2 на оваа точка, се сметаат и мениците кај банките и на Југословенскиот пазар на пари и хартии од вредност што втасале а не се наплатени од страна на тие банки и на тој пазар."

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, зборовите: „од став 2" се заменуваат со зборовите: „од ст. 2 и 3", а зборовите: „на ден 31 декември 1986 година во невтасаните меници кои со индосирање му ги пренеле на Југословенскиот пазар на пари и хартии од вредност", се заменуваат со зборовите: „од ст. 2 и 3 на оваа точка на ден 31 декември 1986 година".

Досегашните ст. 5, 6 и 7 стануваат ст. 6, 7 и 8.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 135
23 септември 1987 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите
заменик - гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Слободан Станоевиќ**, с.р.

**832.**

Врз основа на член 124 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Собранието на Социјалистичка Република Србија, Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Собранието наСоцијалистичка Република Црна Гора, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и Сојузот за физичка култура на Југославија, склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАЕДНИЧКО ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ШТО СЕ ОДРЖУВААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/85), во член 3 треба да се додадат нови ст. 2, 3, 4 и 5 кои гласат:

„Учесниците на Договорот донесуваат среднорочна, односно долгорочна програма за меѓународните спортски натпревари што, врз основа на барање и образложение од одделни кандидати за организатори на натпреварот, ја подготвува и на учесниците на Договорот им ја доставува Сојузот за физичка култура на Југославија, според елементите од член 4 став 3 на овој договор.

Среднорочната, односно долгорочната програма за меѓународните спортски натпревари се донесува за периодот на среднорочниот, односно долгорочниот општествен план.

Учесниците се согласни дека кандидатури можат да се поднесат кај меѓународната спортска федерација врз основа на донесената среднорочна, односно долгорочна програма за меѓународните спортски натпревари.

На предлог од Сојузот за физичка култура на Југославија, учесниците на Договорот донесуваат годишна програма за меѓународните спортски натпревари. Согласноста на учесниците на Договорот на годишната програма значи едновремено согласност за поднесување кандидатура кај меѓународната спортска федерација за одделен спортски натпревар."

Член 2

Во член 4 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Учесниците на Договорот се согласни кандидатурата за прифаќање на организирањето на меѓународен спортски натпревар од член 3 на овој договор, соодветниот спортски сојуз на Југославија да ѝ ја поднесува на меѓународната спортска федерација врз основа на среднорочната, односно долгорочната и врз основа на годишните програми донесени врз основа на согласноста на сите учесници на Договорот.

Учесниците на Договорот се согласни дека кандидатот за организирање на меѓународен спортски натпревар, за кој остварува финансиско учество како учесник на Договорот врз основа на член 6 од овој договор, мора на Сојузот за физичка култура на Југославија да му поднесе елаборат во согласност со став 3 на член 4 од овој договор. Сојузот за физичка култура на Југославија во овие случаи кон програмата им поднесува на учесниците на Договорот уште и елаборат заедно со своето мислење."

Член 3

Член 5 се менува и гласи:

„Учесниците на Договорот се согласни дека кандидатот за организатор на меѓународен спортски натпревар треба својот предлог да му го поднесе на Сојузот за физичка култура на Југославија до крајот на јули за наредниот плански период, односно за наредната година.

Сојузот за физичка култура на Југославија ги подготвува среднорочните, односно долгорочните и годишните програми на меѓународните спортски натпревари и им ги доставува на учесниците на Договорот до крајот на септември за наредниот плански период, односно за наредната година.

Учесниците на Договорот се согласни да се изјаснат за предлозите на програмите за меѓународни спортски на-

тпревари во рок од 60 дена од денот на донесувањето на програмите од страна на Сојузот за физичка култура на Југославија."

Член 4

На крајот на член 7 се додава нова реченица која гласи:

„Како заедничко финансирање се смета и финансирањето на меѓународните спортски натпревари кога дел од средствата се обезбедуваат по пат на олеснениja, ослободувања и други видови намалувања односно насочувања на изворните приходи на буџетот на федерацијата."

Член 5

Договорот е склучен кога ќе го усвојат надлежните органи и кога ќе го потпишат овластените претставници на сите учесници на овој договор.

Член 6

Договорот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

За Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,
**Драшко Поповиќ,** с. р.
претседател на Соборот на републиките и покраините

За Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина,
**Никола Филиповиќ,** с. р.
делегат на Собранието на СР БиХ и член на Делегацијата на Собранието на СР БиХ во СРП

За Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора,
**Драган Вуисиќ,** с. р.
претседател на Одборот за образование, култура и наука на Соборот на здружен труд на Собранието на СР Црна Гора

За Саборот на Социјалистичка Република Хрватска,
**Власта Цазин,** с. р.
член на Делегацијата на Саборот на СР Хрватска во СРП

За Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
**Елица Донева,** с. р.
потпретседател на Собранието на СР Македонија

За Собранието на Социјалистичка Република Словенија,
**Јернеј Јан,** с. р.
член на Делегацијата на Собранието на СР Словенија и претседател на Одборот на Соборот на републиките и покраините за финансии

За Собранието на Социјалистичка Република Србија,
**Олга Николиќ,** с. р.
потпретседател на Собранието на СР Србија

За Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово,
д-р **Ејуп Хамити,** с. р.
претседател на Покраинскиот комитет за образование, наука и култура

За Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина,
**Владислав Радаковиќ,** с. р.
претседател на Покраинскиот комитет за образование и култура

За Сојузот за физичка култура на Југославија,
**Владимир Вујовиќ,** с. р.
член на Претседателството на СФРЈ

За Сојузната конференција на ССРНЈ,
**Ненад Буќин,** с. р.
член на Претседателството на Сојузната конференција на ССРНЈ

**833.**

Врз основа на член 273 став 3 од Уставот на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Соборот на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Србија, Извршниот совет на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, склучуваат

# ДОГОВОР
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПЛАСМАНИТЕ НА ДОМАШНА ОПРЕМА, БРОДОВИ И СООБРАЌАЈНИ СРЕДСТВА ВО ЗЕМЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Поаѓајќи од заедничките цели и задачи утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85) учесниците на овој договор се согласни од изворите на средствата предвидени со овој договор да се врши кредитирање на продажба односно купување на опрема, бродови и сообраќајни средства во земјата, врз основа на критериумите предвидени во одредбите на овој договор.

Член 2

Учесниците на овој договор се согласни дека под опрема, бродови и сообраќајни средства се подразбираат финалните производи што се наменети за инвестиции во стопанството, на организациите на здружен труд од следните дејности:

1) металопреработувачката;
2) машиноградбата;
3) производството на сообраќајни средства;
4) производството на шински возила;
5) бродоградбата;
6) производството на електрични машини и апарати.

Член 3

Учесниците на овој договор се согласни организациите на здружен труд, производители на опрема, бродови и сообраќајни средства, преку здружинијата во Стопанската комора на Југославија, да се договорат за списокот на опрема, сообраќајни средства и бродови чиј пласман се кредитира според одредбите на овој договор, а најдоцна 30 дена од денот на потпишувањето на овој договор.

При утврдувањето на оваа листа ќе се поаѓа од приоритетните правци на развојот утврдени во Општествениот план на Југославија за периодот 1986–1990 година односно предност ќе им се даде на продажбата односно на набавката на оние средства што ќе придонесат за конкурентно вклучување на земјата на меѓународниот пазар и за зголемување на извозот на стоки и услуги, при што ќе се земе предвид и степенот на дотраеноста и отпишаноста на постојната опрема.

Член 4

Учесниците на овој договор се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат мерки за

обезбедување на дополнителни средства за кредитирање на пласманот на домашна опрема, бродови и сообраќајни средства, согласно со Општествениот план на Југославија, со плановите на републиките и покраините за периодот 1986-1990 година, со актите на тековната економска политика, со одлуките за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика, како и со заедничките програми за развој на производството и извозот утврдени во Општествениот план на Југославија за периодот 1986-1990 година, за секоја година од следните можни извори:

1) средствата на ОЗТ;

2) здружувањето средства на организациите на здружен труд;

3) кредитниот потенцијал на банките;

4) средствата на штедење кај Поштенската штедилница;

5) средствата на организациите кои се занимаваат со работи на осигурување;

6) средствата на депозитите на општествено-политичките заедници;

7) средствата на примарната емисија;

8) другите средства предвидени со републичките и покраинските плански акти.

Член 5

Учесниците на овој договор се согласни дека во рамките на своите права и должности ќе преземаат мерки корисници на кредити од овој договор да бидат организациите на здружен труд - производители - продавачи односно купувачи на опрема, бродови и сообраќајни средства ако имаат за тоа склучени купопродажни договори.

Учесниците на овој договор се согласни првенство при кредитирањето на пласмани на домашна опрема, бродови и сообраќајни средства во земјата да имаат организациите на здружен труд кои произведуваат односно купуваат домашна опрема, бродови и сообраќајни средства, чие учество на извозот во целокупниот приход е над просекот на дејноста на која ѝ припаѓа, а според податоците на народната банка на републиката односно на покраината.

Член 6

Учесниците на овој договор се согласни кредитите за пласман на опрема, бродови и сообраќајни средства во земјата да се даваат со рок на враќање од 2 до 12 години зависно од видот, количината, времето на отпишување и вредноста на опремата, бродовите и сообраќајните средства, а според следните критериуми:

1) опремата за изградба на комплетни објекти во системот на инженеринг во која домашните производители учествуваат со над 50% од вредноста, се кредитира до 85% од договорената цена на рок до 12 години;

2) заокружените технолошки линии, машините, уреди и компонентите за технолошки линии, вклучувајќи ги и средствата и системите за мерење, контрола, регулација и автоматизација на процесот на работа на машините и постројките и сметачките и телокумуникационите системи, се кредитираат до 60% од договорената цена на рок до седум години;

3) сериската опрема, освен бродовите и шинските возила, се кредитира до 60% од договорената цена на рок од пет години;

4) шинските возила, средствата на интегрален транспорт и опремата за терминали се кредитира до 75% од договорената цена на рок до 10 години;

5) бродовите се кредитираат до 85% од договорената цена на рок до 12 години;

6) челичните конструкции, транспортерите, свртниците, преносниците, индустриските садови, резервоарите, цистерните, цевките за транспорт на флуид и енергетски кабли за пренос на енергија се кредитираат до 30% од договорената цена на рок од три години.

Член 7

Учесниците на овој договор се обврзуваат дека во рамките на своите права и должности ќе преземаат мерки за спроведување на овој договор.

Член 8

Секој учесник на овој договор може да покрене иницијатива за повторно разгледување на прашањата и односите што се предмет на овој договор, како и за покренување постапка за нивна измена и дополнение.

Овој договор влегува во сила кога ќе го потпишат овластените претставници на учесниците на овој договор, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Член 10

Овој договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

За Сојузниот извршен совет
д-р **Андреј Оцвирк**, с. р.
претседател на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина,
**Аца Гашиќ**, с. р.
потсекретар на Републичкиот комитет за енергетика и индустрија

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
д-р **Томислав Бундалевски**, с. р.
член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за енергетика и индустрија и мало стопанство

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија,
**Урош Славинец**, с. р.
член на Извршниот совет на СР Словенија и претседател на Републичкиот комитет за индустрија и градежништво

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија,
м-р **Раде Чолиќ**, с. р.
член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво

За Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска,
**Стипе Тојчиќ**, с. р.
член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија, рударство и занаетчиство

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора,
**Петрашин Касалица**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за работи на стопанството

За Извршниот совет на Собранието на САП Војводина,
**Фрањо Габриќ**, с. р.
член на Извршниот совет и покраински секретар за индустрија, градежништво и терцијални дејности

За Извшниот совет на Собранието на САП Косово,
**Абедин Добруна**, с. р.
заменик на секретарот на Покраинскиот секретаријат за стопанство

## 834.

Врз основа на член 265 од Уставот на СФРЈ, Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Собранието на Социјалистичка Република Србија, Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово склучуваат

# ДОГОВОР

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ

Член 1

Учесниците на Договорот се согласни член 3 од Договорот за усогласување на даночниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/85), да се промени и гласи:

„Учесниците на Договорот се согласни да пропишат даночна основица да претставува остварениот доход намален за:

- делот од доходот што е остварен врз основа на развојна премија или по друг законски пропишан основ за определни намени;

- делот од доходот за обврските од доходот што не зависат од големината на остварениот доход, освен паричните казни за стопанските престапи и прекршоци;

- бруто личните доходи на работниците по основ на тековната работа, а најмногу до висината на просечниот личен доход во стопанството на републиката односно на автономната покраина во претходната година."

Член 2

Учесниците на Договорот се согласни во член 6 алинеја 3 да се замени со две нови алинеи, кои гласат:

„Работникот-државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што организацијата на здружен труд го упатила на работа во странство заради:

1) изведување на инвестициони работи;

2) вршење на производствени работи, услуги и други работи;

3) вршење на задачи и работи во деловни единици или во заеднички стопански претставништва што ги основаат во странство;

4) стручно оспособување и остварување на други видови деловно-техничка соработка;

5) вработување во претпријатија што ги основале самостојно или со странски деловни партнери, или во странски претпријатија во кои вложиле свои средства;

6) вработување во банки и во други финансиски организации, во осигурителни и реосигурителни организации, што ги основаат во странство самостојно или со странски деловен партнер како членки на овластена основна или здружена банка односно како членки на заедница за осигурување или на заедница за реосигурување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија."

7) „работникот-државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што ќе оствари личен доход со работа во дипломатско и конзуларно претставништво и во меѓународна и друга организација во странство".

Член 3

Учесниците на Договорот се согласни во член 7 став 1 алинеја 3 да се промени и гласи:

„- личниот доход што ќе го оствари државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со работа во странство кого организацијата на здружен труд го упатува во странство, како и личниот доход што ќе го оствари државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со работа во дипломатско и конзуларно претставништво или во меѓународна и друга организација во странство;"

Учесниците на договорот се согласни во став 2 по 15 алинеја да се додаде нова алинеја, која гласи:

„Делот од личниот доход што работникот го стекнува по основ на посебни услови за работа и живот, со работа во странство односно во определена странска држава или место на работа."

Член 4

Учесниците на Договорот се согласни во член 9 став 2 да се промени и гласи:

„Учесниците на Договорот се согласни да пропишат пресметаниот износ на данокот од личниот доход на работникот државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што ќе го оствари во странство да се намали за соодветниот данок уплатен во странство на тој личен доход."

Член 5

Учесниците на Договорот се сгласни член 39 да се промени и гласи:

„Учесниците на Договорот се согласни да пропишат прогресивни стапки на данокот на добивката од игри на среќа."

Член 6

Учесниците на Договорот се согласни во член 40 зборовите: „од 10.000" да се заменат со зборовите: „до 50.000".

Член 7

Овој договор влегува во сила кога ќе го потпишат овластените претставници на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 8

Учесниците на Договорот се обврзуваат дека најдоцна до 31 декември 1987 година ќе ги усогласат своите прописи со одредбите на овој договор.

Член 9

Овој договор ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

За Собранието на СР Босна и Херцеговина,
**Маријан Курчиќ**, с. р.
претседател на Соборот на здружениот труд

За Собранието на СР Македонија,
**Методија Тошевски**, с. р.
член на Извршниот совет на СР Македонија и републички секретар за финансии

За Собранието на СР Словенија,
**Руди Шепич**, с. р.
член на Извршниот совет на СР Словенија и републички секретар за финансии

За Собранието на СР Србија,
**Милорад Шкрбиќ**, с. р.
член на Извршниот совет на СР Србија и републички секретар за финансии

За Саборот на СР Хрватска,
**Срѓан Клиска**, с. р.
член на Извршниот совет на СР Хрватска и републички секретар за финансии

За Собранието на СР Црна Гора,
**Бранимир Пајковиќ**, с. р.
член на Извршниот совет на СР Црна Гора и републички секретар за финансии

За Собранието на САП Војводина,
**Андраш Месарош**, с. р.
член на Извршниот совет на САП Војводина и покраински секретар за финансии

За Собранието на САП Косово,
**Гарип Хаџиии**,с. р.
член на Извршниот совет на САП Косово и покраински секретар за финансии

---

**835.**

Врз основа на член 265 од Уставот на СФРЈ, Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Собранието на Социјалистичка Република Србија, Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово склучуваат

## ДОГОВОР
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА

Член 1

Учесниците на Договорот се согласни во член 8 од Договорот за основите на даночната политика („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/85) да се додаде став 2, кој гласи:

